# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 29 Март 2012 година<br>Скопје<br>Бр. 3 Год. VII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бб.
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. Одлука за изработка на УП за село Кучково со проширен опфат, за вклопување на бесправни градба изградени надвор од сегашен плански опфат на Општина Ѓорче Петров.....2
2. Одлука за реализација на ДУП за дел од УЗ "Даме Груев УБ2" Ѓорче Петров.....5
3. Одлука за прекин на постапката за јавно приватно парнерство .....7
4. Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Никиштане".....9
5. Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Орман".....11
6. Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.....13
7. Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров.....16
8. Нацрт-Статутарна Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров.....18
9. Одлука за донесување на Стратегија за Локален Економски Развој на Општина Ѓорче Петров за период 2012-2018 година.....26


**Скопје, Март 2012 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за изработка на УП за село Кучково со проширен опфат, за вклопување на бесправни градби изградени надвор од сегашен плански опфат на Општината Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за изработка на УП за село Кучково со проширен опфат, за вклопување на бесправни градби изградени надвор од сегашен плански опфат на Општината Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/1**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 12 , 19 и 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11 и 54/11) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница, одржана на ден 28.03. 2012 година, донесе

## О Д Л У К А

**За изработка на УП за село Кучково со проширен опфат, за вклопување на бесправни градби изградени надвор од сегашен плански опфат на Општина Ѓорче Петров**

### Ч л е н 1

Со оваа Одлука се утврдува да се изработи урбанистичко-планска документација, со која ќе се прошири опфатот на УП за село Кучково на Општина Ѓорче Петров, согласно Решение за услови за планирање на просторот бр.15-479/1 од 16.01.2012 година и Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр.17811, составен дел на Решението, заради вклопување на бесправните градби, изградени надвор од сегашен плански опфат на Општината.

### Ч л е н 2

Просторот за кој ќе се изработи урбанистичко-планската документација од член 1 на оваа одлука , е со следни граници на урбан опфат:

Планскиот опфат започнува **од јужната страна** на тромеѓето на КП 3254, 3255 и 3263, оди на југозапад ја сече праволиниски КП 3263 и 3264/1 се до северната граница на КП 4489, продолжува кон запад по северната граница на КП 4489 се до тромеѓето на КП4489, 2441 и 2442, врти кој југ, ја сече КП 4489 и 4510(пат) се до тромеѓето на КП4510, 1835 и 2111, оди кон југ по источната граница на КП1835 се до тромеѓето на КП2109, 1835 и 1856, врти кон запад по северната и западната граница на КП 1856 и КП 1855, ја сече КП 4512(пат) и оди до тромеѓето на КП1457, 1458 и 1459, врти кон запад по северните граници на КП1457, 1455 и 1883 се до тромеѓето на КП1883, 1448 и 1449.

**Од западната страна** започнува од тромеѓето на КП1883, 1448 и 1449, оди кон север по источната граница на КП1448, 1446, 1445, 1506 и 1505, врти кон северозапад по северната граница на КП 1505 ,1522 и 1539, ја сече КП 4513(пат), оди кон север по источните граници на КП1560, 1559 и 1566 се до тромеѓето на КП156, 1567 и КП 4501(пат), од тука врти кон северозапад по југозападната граница на КП4501(пат) се до тромеѓето на КП396, 4501(пат) и КП4499(пат).

**Од северната страна** границата започнува од тромеѓето на КП396, 4501(пат) и КП4499(пат), оди кон север 100 метри по источната страна на КП396, врти кон исток, ја сече КП4501(пат) и продолжува кон исток по јужните граници на КП377, 373, и 447, продолжува кон североисток по источните граници на КП 454, 453, 452, 451 и 362, се до граница на

КП4502(пат), од тука врти кон исток по јужната граница на асфалтниот пат с.Кучково Ђ с.Грачане се до границата на КП4503(пат), продолжува кон исток се до западната граница на КП307, оди кон југ и кон исток по нејзината граница се до тромеѓето на КП307, 612 и 306, оди кон југоисток по југозападната граница на КП306 и североисточната граница на КП4507(пат) се до тромеѓето на КП2947, 4509(пат) и 2946(пат), оди по северната граница на КП2946(пат) се до тромеѓето на КП2946(пат), 2937 и 2938.

**Од источната страна** границата започнува на тромеѓето на КП2946(пат), 2937 и 2938, од кон југ по западните граници на КП2938, 2939, 2940, 2941, 2942/1, 2976 и 2979, врти кон исток по северните граници на КП2989 и 3146, повторно врти кон југ по источните граници на КП3146, 3136, 3135, 3134, 3132, 3221, 3205, 3206, продолжува кон југоисток по северните граници на КП3207, 3208, 3209, 3210, ја сече КП3211 и КП3181 се до северната граница на КП 3197, продолжува кон југ по североисточните граници на КП3197, 3196, 3195, 3194 и 3193, продолжува кон југ по југоисточната границана КП3193, повторно ја сече КП3181, оди по источната граница на КП3252, ја сече КП3181 и КП4508(пат), потоа по источната и јужната страна на КП3254 оди до почетната точка.

## Член 3

Делот од просторот во кој се изградени бесправни станбени градби, ќе биде вклопен во идната урбанистичко планска документација со намена домување во станбени куќи, во границите дефинирани во член 2, почитувајќи ги во целост обврзувачките активности во планирањето на просторот, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија.

## Член 4

Општината е должна урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправните објекти да ја донесе во рок неподолг од пет години од денот кога решението за утврдување на правен статус станало конечно.

## Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во вСлужбен Гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 07 -775/3** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Од 28.03.2012 god.** | **Претседател**
**С к о п ј е** | **Александар Стојковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за реализација на ДУП за дел од УЗ "Даме Груев УБ2" Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за реализација на ДУП за дел од УЗ "Даме Груев УБ2" Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/2**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 4 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на РМ” бр.55/04); член 135 став 1 алинеја 4 од Законот за градење (“Службен Весник на РМ” бр.130/09) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината “Ѓорче Петров “ (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница, одржана на ден 28.03. 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За реализација на ДУП за дел од УЗ “Даме Груев УБ2”**
**Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се одобрува реализација на ДУП за дел од УЗ ”Даме Груев УБ2” - Ѓорче Петров, донесен од страна на Советот на Општината со Одлука број 07-676/4 од 17.02.2009 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2009).

**Ч л е н 2**

Реализацијата на ДУП за дел од УЗ ”Даме Груев УБ2”-Ѓорче Петров ќе се спроведува паралелно на повеќе урбанистички парцели, а заради изградба на предвидените градежни објекти во планот, што подразбира расчистување на градежното земјиште за предвидената намена и отстранување на времените објекти кои претставуваат физички товар на земјиштето.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “ .

**Број 07- 775/4**
**Од 28.03.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за прекинување на постапката за јавно приватно партнерство за изградба на административно деловен објект**

Се објавува Одлуката за прекинување на постапката за јавно приватно партнерство за изградба на административно деловен објект , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/3**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 74 став 1 алинеа 2 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010) , и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„ бр. 05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница, одржана на ден 28.03.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прекин на постапката за јавно приватно парнерство**

**Ч л е н 1**

Се прекинува постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство по јавен повик бр.03-2538/6 од 26.10.2011 година, за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на административно - деловен објект и подземен паркинг простор во Општина Ѓорче Петров, објавен во „Службен весник на Република Македонија„ бр.150/2011, „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров„ бр. 12/2011 и во дневниот весник „Нова Македонија„ на ден 27.10.2011 година.

Постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство се прекинува од причини што по јавниот повик е доставена една понуда, која по својата содржина не одговара на барањата содржани во јавниот повик и во тендерската документација.

**Ч л е н 2**

Оваа Одлука да се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„ , „Службен Весник на Република Македонија„ и во едно домашно јавно гласило (дневен весник).

**Ч л е н 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„.

**Број 07-775/5** | **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 28.03.2012 година** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**С к о п ј е** | **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Никиштане"**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Никиштане" , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/4**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 28.03.2012 година донесе

**ОДЛУКА**
**за ко-финансирање на проектот за**
**"Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа**
**со пречистителна станица во с.Никиштане"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Никиштане" во Општина Ѓорче Петров и негово ко-финансирање.

**Член 2**

Проектот "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Никиштане" се одобрува за ко-финансирање со цел аплицирање од страна на општината со проектен предлог до Министерство за локална самоуправа на Р.Македонија-Биро за Регионален Развој , кој е планирано да се одвива во текот на 2012год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ко-финансира во Проектот доколку Предлог-Проектот биде избран од страна на Бирото за Регионален Развој со 50% од вкупната вредност на Проектот. За оваа намена Општината има планирано сопствени средства во Програмата ЈИ-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, која е составен дел на Програмата за комунални дејности на Општина ѓорче Петров за 2012 година бр.07-3090/5, која Советот на Општината ја донесе на 29.11.2011 година.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година бр.07-3265/5, донесен од Советот на 23.12.2011 година, на Позиција 482310-Подготвување на проекти, вклучувајЌи дизајн на пречистителна станица и колектори.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општината.

**Број 07-775/6**
**Од 28.03.2012год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Орман"**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Орман", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/5**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 28.03.2012 година донесе

**ОДЛУКА**
**за ко-финансирање на проектот за**
**"Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа**
**со пречистителна станица во с.Орман"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува проектот за "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Орман" во Општина Ѓорче Петров и негово ко-финансирање.

**Член 2**

Проектот "Изработка на Основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Орман" се одобрува за ко-финансирање со цел аплицирање од страна на општината со проектен предлог до Министерство за локална самоуправа на Р.Македонија-Биро за Регионален Развој , кој е планирано да се одвива во текот на 2012год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ко-финансира во Проектот доколку Предлог-Проектот биде избран од страна на Бирото за Регионален Развој со 50% од вкупната вредност на Проектот. За оваа намена Општината има планирано сопствени средства во Програмата ЈИ-Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води, која е составен дел на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2012 година бр.07-3090/5, која Советот на Општината ја донесе на 29.11.2011 година.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година бр.07-3265/5, донесен од Советот на 23.12.2011 година, на Позиција 482310-Подготвување на проекти, вклучувајЌи дизајн на пречистителна станица и колектори.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-775/7** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 28.03.2012год.** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**С к о п ј е** — **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска Инвестициона Банка**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска Инвестициона Банка, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/6**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ” бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 28.03.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Грдоначалникот на Општина Ѓорче Петров за потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Ѓорче Петров, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07-775/8**
**Од 28.03.2012година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/7**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров„ број 5/06), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 28.03.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Ѓорче Петров за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), помеѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, а во случај на непочитување на договорните услови.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Ѓорче Петров до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11).

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-775/9**
**Од 28.03.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Нацрт-Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Нацрт-Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/8**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 103 став 1 и став 2 и член 104 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на 28.03.2012 година, донесе

**Нацрт-Статутарна Одлука за измени и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Ѓорче Петров донесен во 2006 година под број 07-777/3 од 18.04.2006 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петро бр.5/06) се вршат измени и дополнувања.

**Член 2**

Член 4 се менува и гласи:

Седиштето на Општината Ѓорче Петров се наоѓа на ул.Ѓорче Петров **бр.73**, во Ѓорче Петров-Скопје.

**Член 3**

Член 6 се менува и гласи:

Празник на Општината Ѓорче Петров е **20 Септември.**

**Член 4**

Во член 2 став 1 точката 10 се дополнува и гласи:

- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба **и заштита и спасување во услови на природни непогоди и други несреќи**.

**Член 5**

Во член 16 став 1,

Се додава точка 16а и гласи:

**Донесува план за заштита и спасување на Општина Ѓорче Петров.**

Точка 27 се менува и гласи:

Врши избор на раководното лице на Полициската Станица од Општа Надлежност **Ѓорче Петров** во согласност со Закон.

Точка 28 се менува и гласи:

Ги разгледува шестомесечните Извештаи на Полициска Станица од Општа Надлежност **Ѓорче Петров.**

Точка 29 се менува и гласи:

Може да дава препораки на раководното лице на Полициска Станица од Општа Надлежност **Ѓорче Петров** од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот.

**Член 6**

Во член 24 во став 1 се дополнува нова точка 15а која гласи:

**15а) подготвува и организира заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра во Општината во услови на воена состојба, природни непогоди и други несреќи.**

**Член 7**

После член 58 се додава точка в) и член 58а кои гласат:

**в) Референдум**

**Член 58а**

**За поедини прашања, Општината може да распише референдум, согласно Закон. На референдумот граѓаните се изјаснуваат непосредно со тајно гласање. Референдумот се распишува заради одлучување на граѓаните или за консултирање на граѓаните. Одлуката донесена на раферендум за одлучување на граѓаните е задолжителна. Одлуката донесена на референдум за консултуирање на граѓаните не е задолжителна.**

**Член 8**

Глава VI се менува и гласи:

VI ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ, СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР **И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ.**

По член 68 се додава точка в) и член 68а кои гласат:

**в) Заштита на личните податоци**

**Член 68а**

**Се гарантира заштита на личните податоци на секое физичко лице без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, боја на кожата, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој или по кој било други лични карактеристики, согласно Закон.**

**Заштитата на личните податоци се однесува:**

- **на целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци и**
- **на друга обработка на личните податоци што се дел од постојана збирка на личните податоци или се наменети да бидат дел од збирка на лични податоци.**

**Член 9**

Член 73 се бришат зборовите:

**Во зависност од претсавката односно предлогот.**

Член 74 се менува и гласи:

**Овластеното лице е должно во законски утврден рок од денот на приемот на преставката односно приемот на подносителот да му достави одговор.**

**Член 10**

ГЛАВА IX се дополнува и гласи:

IX ЈАВНИ ТРИБИНИ, АНКЕТИ, ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ **И ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ.**

**Член 11**

После член 77 се додава нов член 77а кој гласи:

**Член 77а**

**Градоначалникот и Советот на Општина Ѓорче Петров по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во Општината Ѓорче Петров, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.**

**Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на Општината Ѓорче Петров.**

**Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на Општината Ѓорче Петров, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на Општината одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.**

**Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на Општина Ѓорче Петров по предлог на Градоначалникот.**

**Член 12**

ГЛАВА X се дополнува и гласи:

X ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА, **ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ.**

**Член 13**

ГЛАВА XI се дополнува и гласи,

XI НАЧИН И **ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ** И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ.

Во глава XI се дополнуваат нови поглавја и членови како што следи:

## Донесување програми, одлуки и други општи акти

**Член 78а**

**Носителите на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови утврдени во програмата за работа на Советот тие предлози на акти да ги достават до Советот во соодветна форма на разгледување и донесување.**

**Член 78б**

**При донесувањето на програмите и одлуките, предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесување на програмата или одлуката.**

**Член *78в***

**Деталните урбанистички планови на Општината ги донесува Советот во постапка утврдена со Закон.**

## Одобрување програми и други акти

**Член *78г***

**Советот одобрува програми за работа на јавните служби, установи и претпријатија кои ги основа, а кои вршат работи од надлежност на Општината и облиците на месната самоуправа.**

**Член *78д***

**Ако Советот не ја одобри програмата од член 78г, тогаш формира работно тело кое заедно со претставници на подносителот на програмата, работат до конечно усогласување на ставовите.**

**Член *78ѓ***

**Советот одобрува и други акти во согласност со закон.**

**Член 78е**

**Советот за одобрување на програмата или друг акт донесува заклучок.**

## Итна постапка за донесување одлуки

**Член *78ж***

**По исклучок, Советот може и по итна постапка да донесе одлука кога е тоа неопходно за спречување на елементарни непогоди, други вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на Општината.**

**Пред да се донесе Одлука, Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка, а потоа води расправа по предлог на одлука.**

## Расправа по предлог на акт и предлозите за измени и дополнувања

**Член *78з***

**По предлозите на актите се води расправа.**

**Во текот на расправата се одлучува и за измени и дополнувања на одделни одредби од предлогот на актот.**

**Член *78ѕ***

**Предлог за измени и дополнувања на предлогот на одлуката или друг општ акт се поднесува во писмена форма.**

**Предлог може да поднесе овластен предлагач: Градоначалникот, член на Совет, група членови на Совет или јавна служба, установа и претпријатие или јавни служби, установи и претпријатија кои ги основа Општината и истиот мора да биде образложен.**

**Предлог за измени и дополнувања, по предлогот на одлуката или друг општ акт се поднесува најдоцна 3 дена пред денот определен за одлучување на седница на Советот, преку претседателот на Советот.**

**Предлогот, претседателот на Советот го доставува до членовите на Советот, до соодветното работно тело или надлежен управен орган и до Градоначалникот на Општината.**

**Во расправата на работното тело задолжително се повикува предлагачот или негов претставник.**

**Член *78и***

**Предлагачот на предлогот, може да поднесе предлог за измени и дополнувања на предлогот на одлука или друг општ акт на седница на Советот, во текот на претресот на предлогот.**

**Предлогот од претходниот став се поднесува писмено и мора да биде образложен.**

**Член *78ј***

**За предлогот се води посебен претрес на седница на Советот.**

**По предлогот за измени и дополнувања поднесен на седница, Советот може да одлучи претресот да се одложи и да продолжи на една од наредните седници или претресот да се прекине додека членовите на Советот не го проучат и по него не се изјаснат**

**Член *78к***

**За предлогот се одлучува пред да се гласа за предлог на одлука или другиот општ акт.**

## Автентично толкување на општи акти

**Член *78л***

**Барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, граѓаните од Општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на Општината и државните органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на актите во нивното работење.**

**Член *78љ***

**Барањето за давање на автентично толкување на општиот акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисија за Статут и прописи.**

**Член *78м***

**Комисијата за Статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од работните тела на Советот и управните и административните органи на општината.**

**Член *78н***

**Ако Комисијата за Статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на усвојување, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, Комисијата за Статут и прописи за тоа ќе поднесе Извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.**

## Утврдување на пречистен текст на општи акти

**Член *78њ***

**Ако во општиот акт се вршат пообемни или повеќе пати измени и дополнувања, Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на актот.**

**Пречистениот текст на актот го изготвува Комисијата за Статут и прописи и го објавува во "Службен Гласник" на Општината.**

## Претресување на извештаи, информации и други материјали

**Член *78о***

**Советот претресува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.**

**Пред да ги претресува Советот, материјалите од став 1 на овој член ги разгледува надлежното работно тело.**

**По извештаите, информациите и другите материјали, Советот донесува заклучок.**

**Советот дава мислења, согласност и предлага мерки за уредување на работите од заеднички интерес за градот Скопје, како и утврдува насоки за извршување на прописисте и други одлуки.**

**Член *78п***

**Општите и другите акти се објавуваат во Службен Гласник на Општината, најдоцна во рок од 7 дена од денот на нивното донесување.**

**Општите акти стапуваат во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Советот со денот на објавувањето.**

**Општината води збирка на објавените прописи, која е достапна на општ увид.**

## Поединечни акти

**Член *78р***

**Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.**

**Советот донесува решенија за избор и именување.**

**Градоначалникот на Општината донесува решение.**

**Член *78т***

**Градоначалникот на Општината е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на актите да ги објави во „Службен Гласник на Општината."**

**Член 14**

**Член 79 став 1 се брише.**

**Член 15**

Оваа Нацрт-Статутарна Одлука влегува во сила од денот на објава во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-775/10**
**Од 28.03.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Стратегија за Локален Економски Развој на Општина Ѓорче Петров за период 2012-2018 година**

Се објавува Одлуката за донесување на Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Ѓорче Петров за период 2012-2018 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Пеесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 28.03.2012 година.

**Број 08-850/9**
**Од 29.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 28.03.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Стратегија за Локален Економски Развој на Општина Ѓорче Петров за период 2012-2018 година**

Член 1

Се донесува Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Ѓорче Петров за период 2012-2018 година.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-775/11**
**Од 28.03.2012 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**